**20230821547**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 12 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Во Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/15, 190/17 и 26/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/21 и 204/22), во дел I став 1 во точката 1 износот „190,00 денари“ се заменува со износот „310,00 денари“.

Точката 2 се менува и гласи:

„2. Пасош за лица до 27 години…...1500,00 денари“.

По точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:

„2-а. Пасош за лица над 27 години.2000,00 денари“.

Во точката 6 износот „280,00 денари“ се заменува со износот „410,00 денари“.

Во ставот 2 зборовите „точка 2“ се заменуваат со зборовите „точките 2 и 2-а“, а зборовите „се зголемува три пати“ се заменуваат со зборовите „изнесува 6100,00 денари“.

Во ставот 3 зборовите „се зголемува три пати“ се заменуваат со зборовите „изнесува 1230,00 денари“.

II. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 13.1.1-38779/1
7 април 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.